РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
С К О П Ј Е

| Примено: | 02-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 19 | 326/9 | | |

**ДО: Државен завод за индустриска сопственост ДЗИС**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**ОД:** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), заради потребите за спроведување анализа за конкурентноста на македонската економија на меѓународниот пазар, од Имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Број на издадени решенија за 2021 година
   - за индустриски дизајн
   - патенти
   - трговски марки

Во едно ве молам да ми ја потврдите точноста на информациите за издадени решенија за истите категории за сите наведени години доле во табелата, и доколку наведената бројка не е точна, во празната колона до неа наведете ја точната.

| Издадени решенија од ДЗИС<br>***Вкупно** домашни и меѓународни поднесени пријави | Индустриски дизајни<br><br>(Признаени) | Корекција | Патенти | Корекција | Трговски марки | Корекција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 322 | | 678 | | 1,112 | |
| 2017 | 288 | | 938 | | 1,777 | |
| 2018 | 227 | | 1,277 | | 1,511 | |
| 2019 | 273 | | 972 | | 1,096 | 1347 |
| 2020 | 280 | | 1,077 | | 1,157 | |
| 2021 | 237 | | 1.238 | | 1.108 | |

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- препис
- фотокопија
- електронски запис

**Начин на доставување на информацијата:**

- по пошта - [redacted]
- е-маил - [redacted]

**Контакт:**
[redacted]

Full | Preferences | Logout | Help

Home | Mail-Inbox | Diners Club... | (Untitled)

**Natasa Zdravkovska**
IPPOSRV1/BZIS

**Inbox (757)**
Drafts
Sent
Follow Up
All Documents
Junk
Trash

Views

Folders

Tools

Other Mail

New | Reply | Reply To All | Show

**Fw: Барање за пристап до информација од јавен ка**

**Ali Asani**

To: Natasa Zdravkovska

[redacted],
Date: 18.05.2022 14:43
Subject: Re: FW: Барање за пристап до информација од јавен карактер

---

Почитувана,

Во прилог е табелата со корекции.

Во текот на 2021, до ЕПО е поднесена само една пријава од страна на нашата држава, и тоа е Алкалоид АД Скопје, со број EP3932393.

*(See attached file: Барање за пристап до информации од јавен карактер.doc)*

Со почит,
Ali Asani

**Attachments: (Click the filename to launch)**

Барање за пристап до информации од јавен карактер.doc

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
Бр. 19-3026/2
02-06-2022 20___ год.
СКОПЈЕ

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
СКОПЈЕ

| Примено: 29-04-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 19 | 573/7 | | |

**До**: Државен завод за индустриска сопственост
Бул. 11 Октомври, бр. 25
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] административен асистент, ул. [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја**

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

Бр. 19-573/2
Дата 09-05-2022

SOIP

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

До

[redacted]

**Предмет:** достава на информации
**Врска:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 19-573/1 од 29.04.2022

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информции од јавен карактер бр. 19-573/1 од 29.04.2022 година, Државниот завод за индустриска сопственост Ви ги доставува следните информации:

1. Во 2020 година на 2-ца вработени во Државниот завод за индустриска сопственост им престана работниот однос, и тоа:

- На 02 ноември 2020 година согласно член 44, став (1) од Законот за вработените во Јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 26/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/2020), на 1 вработен со звање советник, по професија економист, и со искуство во Заводот од 9 месеци, му престана работниот однос со спогодба, поради трајно преземање на работно место на исто ниво во друга институција.
- На 24 ноември 2020 година, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) на 1 вработен со звање самостоен референт, со средно образование, му престана работниот однос по сила на закон, со навршување на 62 години старост.

Во 2021 година на 2-ца вработени во Државниот завод за индустриска сопственост им престана работниот однос, и тоа:

- На 03 март 2021 година согласно член 44, став (1) од Законот за вработените во Јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 26/2016 и „Службен весник на

инженерство, 2-ца самостојни референти со средно образование и 2-ца помлади референти со средно образование).

Исто така, на договор на дело во Заводот во првите 4 месеци од 2022 година ангажирани се 2 лица (1 самостоен референт со средно образование и 1 виш референт со средно образование).

**Со почит,**

**Службено лице задолжено за**
**посредување на информации:**
Наташа Здравковска Коловска, раководител на сектор

**В.д. ДИРЕКТОР,**
Mr. Ibush Jusufi

( Образец ПП……)

**До: <u>Државен завод за индустриска сопственост</u>,** Ул.11 Октомври, бр.25, Скопје

(имател на информацијата)

16-03-2022

10 349/1

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

Е-пошта: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**<u>Решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост,</u>**

- **<u>Кога се здобиваат со правосилност,</u>**
- **<u>Кога стануваат извршни,</u>**

**<u>А во смисла на Законот за индустриската сопственост, Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови.</u>**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **<u>д) друго Писмено изјаснување</u>**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **<u>а) по пошта</u>**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 15.03.2022 година** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена фор

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

03-349/2-2022
Бр.
Дата 04.04.2022

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

До
[redacted]
Ул. „[redacted]
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-344/1 од 15/03/2022 година, поврзано со прашањето за правосилноста и извршноста на решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост во смисла на одредбите од Законот за индустриската сопственост, Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови, ве известуваме за следното:

Согласно членот 20 од Законот за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр.21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и 31/20), решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост се конечни.
Против решенијата на Заводот, странките имаат право да поведат управен спор, со тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Согласно членот 15 став 1 и 3 од Законот за општата управна постапка (ЗОУП), (Службен весник на РМ бр. 124/15, 65/18), конечен управен акт е оној против кој може да се поведе управен спор.
Конечниот управен акт е извршен, освен ако со закон поинаку не е определено.

Согласно членот 16 став 1 од ЗОУП, управниот акт против кој не може да се изјави жалба, ниту да се поведе управен спор, а со кој се решавало за права, обврски или правни интереси на странката е правосилен управен акт.

Согласно членот 28 од Законот за управните спорови (Службен весник на РМ бр. 96/19), тужбата по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.
По барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Следствено, согласно цитираните одредби од Законот за индустриската сопственост и Законот за општата управна постапка решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост се конечни и извршни.

( Образец ПП……)

До: **Државен завод за индустриска сопственост**, Ул.11 Октомври, бр.25, Скопје

(имател на информацијата)

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

ул. [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Кога Државниот завод за индустриска сопственост ги запишува правните последици произлезени од решение по приговор (против една трговска марка нпр.), во своите регистри:**

1. **Веднаш по донесувањето на решението,**
2. **По истек на рокот за поднесување управна тужба против тоа решение, а во случај тужбата да не е поднесена,**
3. **Или, по правосилната одлука на управниот суд по таа тужба доколку управната тужба е поднесена,?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго Писмено изјаснување**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

16 -03- 2022

350/1

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 15.03.2022 година

[redacted]

**Потпис**

(доколку барањето се поднесува во хартиена фор

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

03-350/2-2022
Бр. ________
Дата 04.04.2022

До
[redacted]
Ул. „[redacted]
1000 Скопје

SOIP

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-350/1 од 16/03/2022 година, поврзано со прашањето за запишување на правните последици произлезени од решението по приговор изјавен против трговска марка во регистарот на Заводот, ве известуваме за следното:

Согласно член 16 став (1) од Законот за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр.21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и 31/20), Заводот води регистри на пријавени и признаени права од индустриска сопственост, вклучително и регистар на трговски марки.

Согласно член 10 став 1, точка 14 и точка 19 од Правилникот за трговска марка, регистарот за пријави на трговски марки содржи податоци за поднесен приговор: број и датум на приговорот и податоци за одлуката на Заводот.

Согласно член 202 став 2 од Законот за индустриската сопственост, датумот на уписот на трговската марка во регистарот е ист со датумот на донесување на решението за признавање на трговската марка.

Во контекст на горенаведената одредба од Законот, Заводот во регистарот на трговски марки ги впишува сите решенија за трговски марки и датумот на уписот на кое било решение во регистарот на трговски марки (вклучително и решенијата по приговор) е ист со датумот на донесување на соодветното решение.

Од друга страна, правните последици од донесениот управен акт согласно член 96 ставови 1 и 2 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15, 65/18), настапуваат од моментот кога на странката на којашто се однесува или врз којашто влијае и е доставен актот. Управниот акт може да произведе правни последици од моментот што е изречно утврден во диспозитивот од писмениот управен акт.

Изработил: Елизабета Симоновска
Контролирал: Симчо Симјановски

**в.д. ДИРЕКТОР**
Ibush Jusufi

Северна Македонија
Државен завод за индустриска сопственост
Скопје

( Образец ПП……)

**До: <u>Државен завод за индустриска сопственост</u>,** Ул.11 Октомври, бр.25, Скопје

(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
СКОПЈЕ
Примено: 21-04-2022
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
03 | 523/9

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

ул. [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**<u>Дали решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост,</u>**

- **<u>Се извршни веднаш по доставувањето до странката,</u>**
- **<u>Или се извршни со моментот на неговата правосилност?</u>**

Имено, во "Одговорите на барање за пристап до информации од јавен карактер" број 03-349/2-2022 од 04.04.2022 година и број 03-350/2-2022 од 04.04.2022 година, на барањата информации за, моментот на настанувањето на правните последици и моментот на извршност, на решенијата на Заводот, се исцитираа извесни законски одредби. Меѓутоа, имајќи предвид фактите дека:

1. Законот за индустриската сопственост не споменува институт "извршност", со што примената на овој институт мора да се базира на ЗОУП и/или ЗУС, неисклучувајќи ги основните начела на управната постапка;
2. Практиката на ДЗИС покажува дека во случај на приговор против трговска марка, за спроведување постапка за регистрација на истата, Заводот чека правосилност на решението по приговорот,

- **Произлегува дека во конкретниот случај постои информација создадена во рамки на работењето на управниот орган, согласно неговите законски овластувања и правилната примена на законите, Што и е причината за поднесување на ова Барање пристап до информации од јавен карактер.**

**Оттаму, Ве молиме за дециден одговор на поставеното прашање со една од горе оставените опции [1) со доставувањето на странката на првостепеното решение, или, 2) со правосилноста на првостепеното решение].**

## Релевантните одредби од Законот за управните спорови и Законот за управната постапка (во вид на копии на делови од Закони) како составен дел на ова Барање и информација од EX YU просторот и ЕУИПО по однос на третманот на прашањето на извршност на заводските одлуки

## I.

Одредбата од **<u>член 28 на ЗУС</u>** (Одложно дејство на тужбата): "Тужбата, <u>по правило</u>, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, **<u>освен ако со закон не е поинаку уредено</u>**", **задолжително налага да, пред да се примени "правилото на одложно дејство на управната тужба", нужно мора да се консултираат другите законски одредби**. Имено, ставовите 2) и 3) на оваа норма, предвидуваат опции кога со Закон задолжително е предвидена НеОдложливоста на извршноста на првостепениот управен акт, а странката сака тоа да го спречи. Односно, овие ставови не се и не може да се сметаат за императиви кои го исклучуваат ставот 1) во делот на одредбата "освен ако со закон не е поинаку уредено".

Несомнено, меѓу "другите законски одредби" првите за потреба од консултација се – општите одредби на управната постапка, имено, нејзините начела и поими.

## II.

Според **<u>член 4 алинеја 8 од ЗОУП</u>**: " „Странка" е секое физичко или правно лице, по чие барање е поведена управната постапка, против кое е поведена управната постапка, кое е вклучено во постапка поведена по службена должност, или кое заради заштита на своите права или правни интереси има право да учествува во управната постапка. Странка може да биде и јавен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице", што несомнено повлекува **дека подносител на приговорот пред ДЗИС – е странка во постапката**.

Понатаму,

Според **<u>алинејата 4 на истата одредба</u>**: " „Управни работи" претставуваат сите акти и дејствија преку кои се изразуваат или извршуваат надлежностите на јавните органи, а со кои се решава или влијае на правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правните лица или другите странки во постапката, како и секоја друга работа која што е одредена како управна со посебен закон", што исто така повлекува дека **со решението на ДЗИС се одлучува за правата и обврските И НА подносителот на приговорот**.

Согласно **<u>член 5 став 3 од ЗОУП</u>**: "Ако јавниот орган е овластен со закон да решава по слободна оцена, управниот акт треба да биде донесен во границите на законот со кој се дава овластувањето, во согласност со целта за која е дадено овластувањето и да биде особено образложен",

Па во смисла на член 1 од ЗИС: "Со овој закон се уредуваат стекнувањето, <u>остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост</u>", **произлегува дека ДЗИС е должен одлучувајќи со своите решенија, да внимава на заштита на правата од ИС на сите странки, на учесници во постапката**.

## III.

Неисклучувајќи ги другите начела од ЗОУП, во насока на НеИсклучивоста на примената на "правилото од член 28 на ЗУС" и нужноста од консултирање на другите законски норми, во прилог оди и одредбата **од член 15 од ЗОУП** кој во ставот 3 утврдува дека: "Конечниот управен акт е извршен, **освен ако со закон поинаку не е определено**."

Ценејќи дека управен акт е – реален акт во пошироката смисла, дури и **член 102 став 1 од ЗОУП упатува на дополнителната консултација на начелата и другите одредби од овој Закон**, пред пристапувањето кон извршноста на управниот акт: "Јавните органи треба да ги извршуваат реалните акти во согласност со начелата и одредбите од овој закон."

## IV.

Понатаму, **Законот за општата управна постапка во член 89 став 1 алинеја 3** (Дополнителни елементи на управен акт), покрај другото изрично утврдува дека, **доколку управниот орган и' налага на странката некое чинење или нечинење, дека тој налог треба да биде содржан во управниот акт**: "Управниот акт може да содржи еден или повеќе од следните дополнителни елементи: ... - налог - со кој се наложува на странката да изврши, да престане да врши или да трпи одредено дејствие ".

- **А постои ли налог за чинење или нечинење на која било странка учесничка во постапката во решението на ДЗИС со кое е одлучено по приговорот**?

## V.

Не е спорно дека правосилноста на решението на ДЗИС се здобива со завршетокот на постапката по управниот спор пред Управниот суд, односно Вишиот управен суд – а како постапка во втората инстанца на првостепената (постапка). Законот за општата управна постапка не содржи процесни одредби поврзани со управната тужба, од едноставна причина што истите се предмет на регулирање на друг пропис, имено на Законот за управните спорови.

- **Но, затоа Законот за општата управна постапка предвидува извршнос на управниот акт по однос на дејството на жалбената како второстепена постапка!**

Па така, **член 108 од ЗОУП** (Одложно дејство на жалбата) во ставот 1 изрично предвидува дека: "Во текот на рокот за жалба управниот акт не може да се изврши", додека ставот 2 на истиот член е уште попрецизен: "Жалбата го одлага правното дејство на управниот акт додека управниот акт донесен врз основа на жалбата не се достави на странката, освен во случај кога со закон е утврдено дека жалбата не го одлага извршувањето".

**Ставот 3 на оваа одредба предвидува исклучок, додека ставовите 4 и 5 не оставаат каква било дилема по однос наметнатото прашање – Дали решенијата на ДЗИС се извршни пред или по правосилноста на истите**?:

“(3) По исклучок од став (2) на овој член, одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

(4) Укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт. Укинувањето содржи детално образложение зошто жалбата не смее да има одложно дејство.

(5) Против укинувањето на одложното дејство непосредно може да се поведе управен спор во рок од седум дена од денот на приемот на управниот акт.

- **А постои ли толку голем и итен јавен интерес решението на ДЗИС да стане извршно истовремено со конечноста**?
- **Решението на ДЗИС има ли во својата изрека посебен налог за недоложливоста на извршноста во текот на второстепената постапка**?
- **Каква тоа енормната и ненадоместливата штета странка може да понесе ако за остварување на своите права и интереси почека правосилност на решението на ДЗИС**?

Наведеното особено доаѓа до израз кај дефинициите на Главата XV на ЗОУП (Извршување), но и со одредбата од **член 124 став 1 алинеја 6 на ЗОУП** (Огласување на управен акт за ништовен), кој предвидува **основ за огласување за ништовен управниот акт доколку тој содржи изречна незаконитост како причина за ништовност**: “За ништовен се огласува управниот акт: .... што содржи неправилност, која според некоја изречна законска одредба е предвидена како причина за ништовност“.

- **Односно, се наметнува одговор на наметнатото прашање:**

**Зошто законодавецот би имал интенција да предвиди решението на ДЗИС да стане извршно веднаш со конечноста,**

**А со ризик истото да “содржи неправилност, која според некоја изречна законска одредба е предвидена како причина за ништовност“?**

## VI.

Според Законот за општата управна постапка, **кој всушност е извршеник**?

Овој субјект децидно е дефиниран со одредбата од **член 127 на ЗОУП**: “Извршувањето се спроведува против лице кое е должно да ја изврши обврската што е наложена со управниот акт или против неговите правни следбеници кога обврската не е строго лична (во натамошниот текст: „извршеник“).“

- Тогаш, кој е извршеник на решението на ДЗИС?

- Државниот завод за индустриската сопственост самиот врз себе си ќе ги применува одредбите за извршување на управниот акт? И тоа присилно? Применувајќи ги одредбите од членовите 128 до 130 од ЗОУП?

- Или пак, ДЗИС ќе носи посебен акт за запирање на извршувањето на своите (акти) решенија согласно член 136 од ЗОУП **[во случај кога: 1) обврската е целосно извршена, 2) извршувањето не било воопшто допуштено, 3) извршувањето било спроведено спрема лице кое не е во обврска, 4) барателот на извршувањето се откаже од своето барање, 5) управниот акт на кој се заснова извршувањето е поништен, 6) или на барање на странката за цел спречување ненадоместлива штета]**?

## VII.

И повторно, уважувајќи ја интенцијата на законодавецот одредбите поврзани со управната тужба и управниот спор да ги лоцира во предметниот пропис, имено Законот за управните спорови и, со аналогна примена (толкување) на Законот за општата управна постапка по прашањето на процесните одредби и правните последици на второстепената постапка воопшто, во конкретниот случај не може да се занемари одредбата од член **126 став 2 на ЗОУП** – напротив!

“(2) Првостепениот управен акт станува извршен со:
- истекот на рокот за жалба, ако жалба не е изјавена;
- известување на странката, ако жалба не е допуштена;
- известување на странката, ако жалбата не го одлага извршувањето;
- известување на странката за управниот акт со којшто жалбата се отфрла;
- со одрекување на странката од правото на жалба“,

- **Аналогно, решенијата на Државниот завод за индустирската сопственост мораат да станат извршни дури по нивната правосилност**, **НО, молиме за одговор!**

**Информација од EX YU просторот по однос на третманот на прашањето на извршност на заводските одлуки**

На крајот дозволете да Ве информираме дека Заводите од EX YU просторот вклучително и ЕУИПО, спроведувањето на правните последици на своето решение кон странките во постапката, го условуваат со информацијата за постоење или непостоење правосилност на својата првостепена одлука.

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

До
[redacted]
Ул. [redacted]
1000 Скопје

03-523/2-2022
Бр. ___________
Дата 06.05.2022

SOIP


**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk


**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со **вашето повторено барање** за пристап до информации од јавен карактер бр.03-523/1 од 21/04/2022 година, **поврзано со прашањето дали решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост се извршни веднаш по доставувањето на странката или се извршни со моментот на нивната правосилност**, ве известуваме дека во смисла на одредбите од член 20 став 1 и 2 од Законот за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр.21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и 31/20) и член 15 став 3, во врска со член 126 став 2, алинеја 2 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15, 65/18), **решенијата на Државниот завод за индустриска сопственост стануваат извршни по доставувањето на странката.**

Од друга страна, ова прашање во Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија (ЕУИПО), е регулирано со одредбите на Регулативата за трговски марки (EU) 2017/1001 на Европскиот парламент и на Советот, од 14 јуни 2017. Согласно член 66 од Регулативата, против решенијата на ЕУИПО може да се поднесе жалба до Советот за жалби. Согласно член 71 став 3 од Регулативата, решенијата на Советот за жалби имаат правно дејство по истекот на рокот за тужба или ако во тој рок е поднесена тужба пред Општиот суд, од датумот на одбивање на тужбата, или од датумот на одбивање на жалбата поднесена до Европскиот суд на правдата против одлуките на Општиот суд.

Начинот на решавање на прашањето за извршност на решенијата на заводите за интелектуална сопственост на земјите во регионот, би можело да биде предмет на евентуална компаративна анализа или тема за дебата на некое идно советување од областа на индустриската сопственост.

Изработила: Елизабета Симоновска
Контролирал: Симчо Симјановски

**в.д. ДИРЕКТОР**
Ibush Jusufi